**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**НАЦИОНАЛНА КОМИСИЈА ЗА БОРБА ПРОТИВ ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ И ИЛЕГАЛНАТА МИГРАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# И З В Е Ш Т А Ј

***за досегашните активности на Националната комисија за борба против трговијата со луѓе и илегална миграција во Република Македонија за 2003 година и приоритетни активности за 2004 година***

**Скопје, април 2004 година**

Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, на изминатите осум работни состаноци во текот на 2003 година, заради постигнување на висок степен на ефикасност и заедничко дејствување на планот на превенција и борба против овој вид на транснационален организиран криминалитет, ги следеше, анализираше и координираше активностите на надлежните институции во Р Македонија за сузбивање на оваа појава и соработуваше со владини и невладини организации кои се вклучени во преземањето на енергични мерки во борба против овој тежок облик на организиран криминалитет.

Во текот на своето работење Националната комисија ги разгледуваше резултатите од работењето од комисијата во претходниот состав; активностите преземени на легислативен план во насока на осовременување на мерките за следење и ефикасна борба против трговијата со луѓе, унапредувањето на постоечката кривично-процесна регулатива за меѓународна правна помош и едукација, како и забрзување на процесот на реформа на кривичното законодавство во борбата против трговијата со луѓе. Потоа, заради имплоементација на националната програма за борба против трговијата со луѓе и илегална миграција, ги разгледа и утврди приоритетните активности за нејзино дејствување и неопходноста од изработување на оперативен план за реализација во насока на прецизирање на начинот, динамиката, носителите на активностите и потребните финансиски средства. Како мошне значаен дел од работењето на Комисијата е разработување и спроведување на Националната програма во борба против трговијата со луѓе и илеглна миграција, врз основа на која се фокусира нејзиното дејствување на: промоција и заштита на човековите права, унапредување на законодавството на Р Македонија, унапредување на соработката помеѓу полицијата, јавните обвинителства и судовите, меѓународна соработка и координација во извршување на законите и меѓународните договори, заштита и поддршка на жртвите на трговијата со луѓе, превентивно дејствување и соработка, како и координација со домашни, меѓунаодни и невладини организации.

Исто така, Комисијата ја усвои иницијатива за вклучување на Меѓународната организација за миграции и Организацијата за безбедност и соработка на Европа во заедничкото делување и координиран настап во борба против трговијата со луѓе и илегална миграција. На осмата седница на Националната комисија е формиран Секретаријат што како тело функционира во надлежност на Националната комисија, а секретарот, кој ја организира и учествува

во работата на секретаријатот, ги реализира одлуките на Комисијата и го претставува ова ново формирано тело, во кое учествуваат и претставници од меѓународните организации ОБСЕ, ИОМ, УНДП, ИЦМПД, УСАИД, УНИЦЕФ, ИЦИТАП и ОПДАТ и други невладини организации. По донесената одлука за формирање на ова оперативно тело и деловникот за работа, Секретаријатот е надлежен за:

- Операционализација на приоритетните активности на Националната комисија за борба против трговијата со луѓе и илегална миграција,
- Координација на проектите преку кои ќе се реализираат активностите на Националната комисија со останатите меѓународни организации,
- Подготовка на материјалите и дневниот ред за состаноците на Националната комисија,
- Воспоставување на комуникација и размена на искуства со други држави и учество во изготвување на материјали и
- Организирање семинари за обука на вработените во МВР, судиите, јавните обвинители за борба против овој тежок облик на криминалитет.

Спроведувајќи ги планираните активности Комисијата ги разгледуваше условите за престој на жртвите со трговија со луѓе во Транзитниот центар на МВР со посебен акцент на правното регулирање на привремениот престој на жртвите на трговијата со луѓе, почитување на начелото за ефикасност во истрагата и правосилната пресуда и надминување на проблемите околу докажувањата на дејствијата за извршување на ова кривично дело, како и можностите за изнаоѓање финансиски средства за реконструкција на транзитниот центар. Исто така, беше покрената иницијативата за проширување и подобрување на условите за работа на Транзитниот центар и разгледување на неколку предлози во врска со потребата од запазување на постапката за обезбедување на сведоци. Во врска со правната регулатива за продолжениот престој на жртвите на трговијата со луѓе беше предложено Законот за движење и престој на странците да содржи одредби кои се однесуваат на улогата и ингеренциите на невладините организации и комуникацијата помеѓу нив и Министерството за внатрешни работи, како и одредбите за правата на жртвите на трговијата со луѓе (право на работа, лекување, социјално осигурување итн.).

Во последните два месеци од изминатата година, на два состаноци од Националната комисија беше покрената и прифатена иницијатива за формирање на подгрупа за борба против трговијата со деца која ќе функционира во рамки на Комисијата, што произлегува од изјавата за обврзување потпишана на Регионалниот министерски форум во Софија на кој е договорено обезбедување на прирачник за заштита на правата на децата, жртви на трговија во Југоисточна Европа, чиј изготвувач е УНИЦЕФ. Со официонализирање на одлуката за формирање на подгрупа за борба против трговија со деца беше назначен претседавач и членови на истата.

Во рамки на преземените активности од страна на Министерството за внатрешни работи за откривање на носителите на криминалните активности поврзани со трговијата со луѓе, е постигната ефикаснот од 67,3%. Притоа, беа извршени акциски контроли во повеќе угостителски објекти на територијата на целата држава, а особено на подрачјата на Скопје, Тетово, Гостивар, Охрид, Струга, Битола и Прилеп, со вклучување на Единицата за спречување на трговија со луѓе, формирана во првото тромесечие од годината, чија цел беше откривање странски државјанки-жртви на трговија со луѓе, како и на лица кои нелегално престојуваат и работат во нашата земја.

По преземените мерки и активности Министерството реализира повеќе случаи од оваа област на криминалитетот, при што кривично се пријавени 126 стореители (73) за извршени 82 (49) кривични дела. Се работи за 42 (18) кривични дела “трговија со луѓе” извршени од 78 (33) сторители, потоа се преземени мерки на кривичен прогон за посредување и подведување на проституција (30 (19) кривични дела, извршени од 34 (21) сторители), додека за ”засновање ропски однос и превоз на лица во ропски однос”, пријавени се двајца (6) сторители за извршени две (6) кривични дела. За недозволено префрлање преку државната граница, извршено на организиран начин, пријавени се 12 (13) сторители на осум (6) кривични дела, при што во поголем дел се работи за економски емигранти кои по пат на организирани мрежи, илегалено се префрлаат преку Р Македонија.

Во врска со поднесените кривични пријави од делот на трговијата со луѓе и принудната проституција, може да се констатира дека во сите случаи се работи за реализации на кривични дела против сопственици на угостителски објекти на

подрачјето на Тетово, Гостивар, Струга, потоа Кичево, Куманово, Скопје и Охрид, кои заради стекнување противправна имотна корист, купувале, засолнувале или прифаќале странски државјанки заради експлоатација по пат на проституција, принудна работа или слугување во нивните угостителски објекти каде работеле и како танчерки, додека сексуалните услуги ги давале и во други објекти на подрачјето. Голем дел од жртвите од трговијата, сопствениците на угостителските објекти меѓусебно ги препродаваат, при што во еден случај, поради меѓусебно несогласување околу продажба на странски државјанки, при обид за насилно грабнување, настана и вооружена престрелка во која три странски државјанки беа усмртени а една повредена.

Што се однесува до жртвите на трговијата со луѓе и принудната проституција, согласно податоците од Транзитниот центар за странци, во текот на 2003 година, прифатени се 132 странски државјанки како жртви на трговијата, сите од источно-европските земји. Според националната структура, 56 се романски државјанки, 51 молдависка, 14 се бугарски, 9 украински и една државјанка на Белорусија, како и една државјанка на БиХ. Според старосната структура, најголем број од прифатените странски државјанки се на возраст од 19-25 година, а регистрирани се и 24 лица на возраст до 18 години, од кои три на возраст до 15 години.

Во текот на оваа година, заради обезбедување присуство на сведоците кои биле репатрирани во матичните земји, а во соработка со судските органи и јавното обвинителство на Република Македонија, Министерствата за внатрешни работи од Украина, Романија, Молдавија, Бугарија, СЕКИ Центарот за борба против меѓуграничниот криминал, ФБИ, ОБСЕ, ИОМ и некои невладини организации, организирано е доаѓање на сведоци во случајот против Дилавер Бојку пред Основниот суд во Струга.

Инаку, Република Македонија е единствена држава во регионот која во неколку наврати организираше доаѓање на сведоци веќе репатрирани во матичните

земји (лани во случајот против Мемеди Агрон што се водеше пред Основниот суд во Куманово). Финансиските средства за наведените активности беа обезбедени од МВР на РМ, ФБИ, ОБСЕ, невладината организација »Реацхинг оут« од Романија и Меѓународната организација за миграции-ИОМ. Во досега реализираната полициска соработка на организирање на спроведувањето на сведоци потребни за постапката во Република Македонија, се јавуваат одредени потешкотии во однос на обезбедувањето финансиски средства, а со оглед на поврзаноста со точно одредените судски рокови за присуство на сведоците, и непостоењето на законска регулатива за заштита на сведоците, Министерството изготви Иницијатива за формирање Фонд за обезбедување присуство на сведоци (ФОПС) во врска со трговијата со луѓе, кој е доставен на разгледување пред Националната комисија за спречување на трговијата со луѓе.

На успешноста и решеноста на Р Македонија во сузбивањето на трговијата со луѓе укажува и рагирањето на Р Македонија од Стејт департмент на САД во првата група земји кои успешно се справуваат со овој транснационален проблем.

Во рамки на соработката, едукативниот процес и црпење странски искуства за борба против трговијата со луѓе и илегална миграција, членови на Комисијата учествуваа на работилници од кои два во рамки на »Лара« проектот од кои два во Стразбург, едниот за подготовка на закони на жртви, сведоци од трговијата со луѓе, а другиот за учество на средба на Комитетот за акција против трговијата со луѓе. Во почетокот на мај и јуни минатата година, се одржаа два семинари во Струга во организација на Центарот за континуирана едукација при Здружението на судиите на Република Македонија и Одделот за недозволена трговија при Мисијата на ОБСЕ на тема »Трговија со луѓе« на кои од страна на Националниот координатор беа преставени приоритетните активности на Комисијата, а на кои беа изведени повеќе заклучоци и тоа дека за сузбивање на овој вид организиран транснационален криминалитет неопходна е соработка на меѓународен и билатерален план, како и активна, отворена, стручна и професионална соработка на сите органи на прогонот (полицијата, судовите, јавните обвинителства) во земјата и пошироко во регионот. Во текот на изминатата година реализиран е Проектот за тренинг и обука на припадниците на полицијата и судовите за

»свесност на полот и борбата против трговијата со луѓе« со кој се прдвидува обука на инструктори за борба против трговијата со луѓе, што ќе се операционализира врз основа на потпишаниот Меморандум за разбирање меѓу ИОМ, ОБСЕ и МВР. Исто така, беа изготвени следниве предлог проекти »Фонд за обезбедување присуство на сведоци« за кој се обезбедени средства од САД; Нацрт акциониот план од ОБСЕ и ИОМ, како и Монографија за борба против трговијата со луѓе, чија реализација се очекува во текот на 2004 година.

## II. *Приоритетни активности на планот на превенција и борба против трговијата со луѓе и илегална миграција во Република Македонија за 2004 година*

### 1. Унапредување на законодавството во Република Македонија

Националната комисија смета дека хармонизацијата и унапредувањето на правната рамка на Република Македонија конзистентна со релевантните меѓународни инструменти и стандарди претставува клучен фактор во превенцијата и борбата со трговијата со луѓе. Во таа насока Комисијата со преставниците на Министерството за внатрешни работи ќе презема мерки и активности на нормативен план во насока на воспоставување правна рамка за легализирање на престојот на странски државјани кои во земјава се идентификувани како жртви на трговија со луѓе и измена и дополнување на Упатството за начинот на работа на Транзитниот центар за странци. Првиот предлог за оформување на правна рамка за легализирање на престојот на странски државјани кои се жртви на трговија со луѓе произлегува од меѓународните документи-Протоколот за борба против трговија со луѓе од Палермо и документот од Тирана потпишан во декември 2002 година, Директивата за одобрување привремен престој на странски државјани, кои се жртви на трговија со луѓе, како и Европската конвенција за борба против трговија со луѓе. Спроведувањето на споменатата обврска треба да се одвива во насока на обезбедување на стандарди и обврски за предвидување законска можност за одобрување на престој на жртви на трговија со луѓе, додека видот и усвојувањето на престојот во соработка со истражните органи останува како дискреционо право на државата. Во тие рамки, во новиот закон за странци (што е во подготовка) ќе биде предвидена законска можност за одобрување на престој на странец, кој во Република Македонија е идентификуван како жртва на трговија со луѓе и ќе се

одобрува по поднесено барање за привремен престој што би траел една година со можност за негово продолжување, во зависност од истражната постапка. Рокот на траењето на престојот и документите за идентификација ќе биде определен од соодветните служби на Министерството за внатрешни работи надлежни за странци и имиграционите прашања и за борбата против трговијата со луѓе;

Заради потребата од усогласување на досегашната пракса и новите потреби и процедури (строго разграничување и опис на работните задолженија на лицата кои работат во центарот, нормативните регулативи на обврските на надворешното обезбедување при контрола на влез и излез во цнетарот и сл.), и поради заштита на жртвите во трговија со луѓе предвиден во потпишаниот меморандум за разбирање, меѓу Меѓународната организација за миграции и Министерството за внатрешни работи во натамошниот период ќе се пристапи, во соработка со надлежните министерства кон измена и дополнување на Упатството за начинот на работа на Транзитниот центар за странци. Исто така, како планирани активности на Министерството за внатрешни работи и проширување на транзитниот центар, што би се спровело со меѓународната организација за миграции. Целта за проширување на центарот со дополнителни три простории кои моментално не се искористени е:

- одвојување на жртвите на трговијата со луѓе и
- обезбедување на подобри услови за сместување и обезбедување на просторија за сместување на странски државјани со нерегулиран престој кои во овој период се сместуваат во полициските станици.

Во текот на престојната 2004 година, Комисијата ќе предложи модалитети за реализирање на проектираните цели за борба против ова »зло на 21 век« при што ќе ги поддржи сите активности на Министерството за внатрешни работи кои се однесуваат на континуирано спроведување на долгорочната стратегија на програмските активности за сузбивање на трговијата со луѓе преку откривање, следење и документирање на криминалните дејствија што ги извршуваат организирани групи. Имено, активностите ќе бидат насочени кон откривање на групи и поединци кои се занимаваат со организирано префрлување на женски лица и нивна продажба на сопствениците на ноќните клубови, заради вршење на проституција, потоа ќе се зајакне надзорот над лицата кои се пројавуваат како макроа, пренесувачи и заштитници. Исто така, ќе продолжи соработката во рамките на СЕКИ-Центарот за преземање заеднички мерки, како и соработка со ОБСЕ Мисијата, ИОМ и други владини и невладини организации кои делуваат во овој домен.

Согласно програмските заложби ќе ја координира и помага, преку организирање на тркалезни маси и други облици на акцептирање на искуствата на експертите, работатата на министерствата надлежни за борба против трговијата со луѓе во насока на:

- поддршка на ратификацијата на Конвенцијата на Обединетите Нации за борба против трансанционалниот организиран криминал и дополнителниот протокол за превенција, сузбивање и казнување на трговијата со луѓе, особено со жени и деца (Палермо протоколот);
- имплементирање на законски одредби со кои ќе се регулира правото на престој на странски државјани на територијата на Р Македонија со цел да се обезбеди подолготрајна заштита на личноста идентификувана како жртва на трговијата со луѓе, во согласност со Европската конвенција за човекови права и Палермо протоколот;
- поддршка на предлог-измените на членот 418-а во делот на заострување на казненеата политика;
- воведување на конфискација преку додавање нов став кон споменатиот член за одземање на предметите употребени за извршување на делото;
- давање на сугестии фундирани на експертски мислења по однос на воведување ново кривично дело »криумчарење на мигранти« преку вметнување нов член 418-б;

**2. Заштита на жртвите (сведоци на трговијата со луѓе)**

Националната Комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција на планот на превентивните активности во содејство со Министерството за труд и социјална политика ќе работи на имплементирање на Предлог-Проектот за лоцирање на економските и социјалните фактори што придонесуваат жените и децата да станат потенцијални жртви на трговија со луѓе, како и на унапредување и иновирање на програмите за економска реинтеграција на жените и децата, како ризични групи. Во натамошните активности ќе работи на:

- Акцептирање на специјални мерки за заштита на времетраење на правната постапка со цел избегнување на виктимитзацијата кај жртвата;
- неопходноста од заштитата (ослободување) од прогон на жртвата од други кривични дела;
- натамошно поддржување на работата на Транзитниот центар за сместување на жртвите со трговија со луѓе и унапредување на методите на неговата работа;
- како и обезбедување на нивна психосоцијална поддршка.

**3. Специјализирана обука на кадри**

И оваа година во континуитет ќе продолжат програмските активности на Комисијата со кои ќе се врши обука на персоналот (судии, јавни обвинители и полициски офицери) надлежни за борба против трговијата со луѓе, при што ќе се реализира, во соработка со меѓународните Проект за дополнителна едукација на овие кадри, поради побрзо и поефикасно препознавање на потенцијалните жртви на трговија со луѓе, како и информативна кампања и формирање на регионални центри за итна интервенција при прифатот на жртвите на трговијата.

Интенцијата на Националната комисија со реализирање на разните семинари за стекнување на нови знаења од оваа област е да се овозможи специјализација на кадрите -посебен персонал на Јавното обвинителство, судовите и полицијата, за овој криминалитет, а со тоа и за поефикасно сузбивање на трговијата со луѓе.

**4. Унапредување на меѓународната соработка и координација во извршување на законите и исполнување на меѓународните договори**

Имајќи во вид дека трговијата со луѓе претставува криминална активност што ги преминува националните граници и се повеќе се наметнува како сериозен меѓународен проблем, Националната комисија во текот на 2004 година ќе работи на:

- подобрување на условите за меѓународна соработка и координација во откривање на сторителите на кривични дела од оваа област и сузбивање на оваа појава;
- организирање на работни состаноци на претставници од министерствата и институциите кои се надлежни за следење на меѓународната соработка и координација во извршувањето на законите;
- примена на нови и развиени методи на соработка со соседните земји, други земји од Балканот и Европа врз билатерални договори и форми на соработка што произлегуваат од меѓународните документи, посебно Конвенцијата за борба против организираниот транснационален криминалитет и Протоколот од Палермо;
- следење на имплементацијата на Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација на жените и за истата ќе достави извештај до Комисијата за правата на жените во Обединетите Нации во Њујорк;
- активно учество при изготвување на Европската конвенција за борба против трговијата со луѓе на Советот на Европа;
- интензивирање на соработката со Регионалниот центар на СЕКИ во Букурешт, Меѓународната организација за миграции, Мисијата на ОБСЕ во Р Македонија и други организации и иницијативи;

## 5. Соработка и координација со домашни и меѓународни невладини организации

Националната комисија во текот на 2004 година ќе промовира отворена соработка со домашни и меѓународни невладини организации со градење на партнерски однос во идентификување и реализирање на програмските цели на национално ниво, додека во рамки на работењето на секретаријатот со учеството во работата на меѓународните, владините и невладините организации ќе се остваруваат меѓусебно информирање и координирање на активностите.